**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД**
**Су.бр.01-2/16**
**03.02.2016 год.**
**К Р У Ш Е В О**

***ДО***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***КОПИЕ ДО:***
***- РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- ВРХОВЕН СУД НА***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- АПЕЛАЦИОНЕН СУД***
***Б И Т О Л А***

*ПРЕДМЕТ: Достава на Годишен извештај за работа на Основен суд Крушево за 2015 година*

*Во прилог на овој допис Ви го доставувам Годишниот извештај за работа на Основен суд Крушево во 2015 година*
(текстуален дел и прилог табели)

**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Благоја Бошкоски**

**О С Н О В Е Н С У Д К Р У Ш Е В О**



# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО ВО 2015 ГОДИНА**

*Крушево, февруари 2016 година*

# Воведно излагање

Основниот суд во Крушево претставува суд со основна надлежност, кој својата функција ја извршува согласно чл.30 и 31 од Законот за судовите објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 58/06 и постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општината Крушево и при тоа настојува да им обезбеди заштита и еднаквост пред законот на сите граѓани - странки во овој суд во остварувањето на нивните права.

## 1. Извештај за статистика на предмети

### 1.1. <u>Движење на предметите по сите видови во 2015 година</u>

Во извештајниот период судот настојуваше судската власт да ја остварува законито, професионално, чесно и објективно, настојуваше да се подобри квалитетот и квантитетот на работењето, да ја зголеми експедитивноста воопшто, а со тоа да ја зголеми вербата на граѓаните во судот и да го зголеми својот афторитет пред странките воопшто.

Во овој Извештај ќе биде прикажана целокупната работа на Основен суд Крушево за 2015 год. Табеларно ќе биде прикажано движењето на предметите сумарно и поединечно за секој судија и тоа за нерешените предмети од претходната година, за ново примените предмети по сите основи, вкупниот обем на работа, решавањето на истите, начинот на решавањето и остатокот на нерешените предмети.

Основниот суд Крушево на почетокот од 2015 година имаше остаток од 267 предмети . Во текот на 2015 година судот прими 1653 нови и 29 повторно заведени предмети, така да вкупно во работа имал 1949 предмети. Решил 1718 редовни, а како нерешени останале 231 предмет. Значи совладан е приливот на предметите во тековната година, а и намален е и заостатокот на нерешените предмети.



# 2. ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО ОДДЕЛИ

## 2.1. Кривичен оддел

Во текот на 2015 година во кривичниот оддел судот прими 922 предмети, па со остатокот од 98 предмети од претходната година вкупно во работа биле 1020 предмети. Решени се 910, нерешени се 110 предмети.




**Кај кривичните предмети** за полнолетни лица работи Претседателот на судот со тоа што во претходната година како нерешени останале 5 предмети, во тековната година примени се 43 од кои 1 предмет е даден на друг судија. Вкупно во работа биле 47, решени се 39, а нерешени 8 што значи совладан е приливот.

Нерешените 8 предмети се од тековната година што значи немаме стари кривични предмети.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица обжалени биле 10 предмети.

Донесени одлуки од второстепен суд во 9 предмети.

Во 4 предмети одлуките се потврдени или 45%. Преиначени одлукуи 2, или 22 %, а во 3 предмети одлуката е укината или 33%.

По овие предмети работи Претседателот на судот Благоја Бошкоски, со тоа што покрај овој вид на предмети постапувал по: 124 заверки, 10 предмети по приговор за извршување, по 8 предмети за издавање дозволи за извршување, во 59 предмети за извршување на кривични парични казни и трошоци, разни 217 кривични предмети и 187 предмети на судска управа.

**Кај прекршочните предмети** како остаток од претходна година се префрлени 24 предмети во работа, па со ново примените 283 предмети во работа биле вкупно 307 прекршочни предмети. Решени се 292 предмети, а нерешени 15.

По прекршочните предмети работат судиите Домника Зерде Курета и тоа во 161 предмет и судијата Лидија Андреска во 153, заедно со повторно заведените предмети.




Од нерешените 15 предмети, сите се од тековната година.

Застарени прекршочни предмети нема.

Кај овој вид на предмети во 23 предмети поднесена е жалба, а одлуки на второстепениот суд донесени се 18 од кои:

- во 7 предмети одлуката е потврдена или 39%,
- во 7 предмети одлуката е укината или 39% и
- во 4 предмет одлуката е преправена или 22%,

Во споредба со претходната извештајна година зголемен е квалитетот на работењето по овој вид на предмети, видно од самиот извештај во претходната година.

Во прилог на прекршочниот оддел поединечно го давам работењето на квалитет на судиите кои работеле по овој вид на предмети и тоа како што следува:

- Кај судијата Домника Зерде Курета обжалени се 12 предмети. Одлука од второстепен суд е донесена во 11 предмети и тоа:
  - во 6 предмети одлуката е потврдена или 55%,
  - во 4 предмети одлуката е укината или 36%,
  - во 1 предмет одлуката е преиначена или 9 %

- Кај судијата Лидија Андреска обжалени се 11 предмети. Одлука од второстепен суд е донесена во 7 предмети и тоа:
  - во 1 предмет одлуката е потврдена или 14%,
  - во 3 предмети одлуката е укината или 43% и
  - во 3 предмети одлуката е преправена или 43%.

## 2.2. Граѓански оддел

Во текот на 2015 година судот примил 540 предмети и со заостатокот од 163 предмети од претходна година вкупно во работа биле 703 предмети. Решени се 593, а како нерешени останаа 110 предмети.

И во овој оддел може да се констатира дека е совладан тековниот прилив а е намален приливот на нерешени предмети во споредба со тековната година.




Кај спорните граѓански предмети во работа биле 183 предмети, решени 152, а нерешени 31 предмет.

Кај нерешените 31 граѓански предмет 90% од овие предмети се предмети кои пристигнале во последните 2 месеци од извештајната година и објективно немало можност поголемиот дел од нив да бидат не само завршени, туку и процесуирани.

Кај спорните граѓански прдмети судијата Домника Зереде Курета работела во 96, решила 82 предмети, нерешени 14, а кај судијата Лидија Андреска во работа биле 87 предмети, решила 70, а нерешени 17 предмети.

Кај спорните граѓански предмети биле поднесени 80 жалби, а второстепена одлука е донесена во 101 предмет.

- потврдени се 90 или 89%,

- укинати се 5 или 5%,
- преправени се 4 или 4%
- отфрлени 2 или 2%.

Состојбата на решавање на квалитет по судии е следната:

Кај судијата Домника Зерде Курета обжалени се 43 предмети. Одлука од второстепен суд е донесена во 50 предмети и тоа :

- потврдени одлуки - 44 или 88%,
- укинати одлуки - 3 или 6%,
- преправени одлуки - 2 или 4%.
- отфрлени -1 или 2%.

Сакам да укажам дека судијата Домника Зерде Курета во својата работа работеше и по друг вид на предмети и тоа: 3 вонпарнични предмети, 3 предмети како судија на претходна постапка, во 4 предмети во Кривичен совет, Член на Кривичен совет и Член на Условен отпуст.

Кај судијата Лидија Андреска обжалени се 37 одлуки. Одлуки од второстепен суд е донесена во 51 предмети :

- потврдени одлуки - 46 или 90%,
- укинати - 2 или 4%,
- делумно укинати - 2 или 4%,
- отфрлени – 1 или 2%

Во ова одделение евидентно за разлика од претходната година квалитетот во работењето е многу добар односно споредба на потврдени, преиначени, отфрлени и укинати одлуки.

Судијата Лидија Андреска во својата работа работеше и по друг вид на предмети и тоа: во 105 вонпарнични предмети и 28 предмети на Кривичен совет. Воедно работела и во предметите за Условен отпуст.

Може да се констатира дека квалитетот во граѓанското одделение е драстично зголемен во однос на претходната година, со задржувањето на квалитетот како и во претходната година во кривичните предмети.

# 3. Извештај за човечки ресурси

**3.1.** Основниот суд Крушево својата функција во 2015 година ја извршуваше со 22 вработени, од кои 3 судии, тука сметајќи го и Претседателот на судот, а останатите како технички персонал.

Судот работи само со 1 (еден) стручен соработник.

Согласно Систематизацијата на Основен суд Крушево предвидени се 32 вработени. Во текот на извештајниот период и во периодот од претходите години, поради редовно пензионирање и други случаеви непополнети останаа 10 работни места.

Со оглед на обемот на работата, посебно напоменувам за приоритетно пополнување на следните работни места предвидени со Актот за Систематизација на Основен суд Крушево:

- 1 (еден) стручен соработник
- 2 (двајца) технички секретари на судии – дактилографи
- 2 (двајца) судски приправници

Посебно напоменувам дека Основен суд Крушево моментално располага со двајца дактилографи, со тоа што еден дактилограф е со нарушена здравствена состојба. Истиот, за помалку од година е пред заминување во пензија и не е во можност да ја извршува во потполност својата работна обврска.

**3.2.** Во текот на извештајната година одржана беше еднодневна обука на вработените од граѓанскиот оддел (судии и дактилографи) на тема „Користење на системот за тонско снимање на рочишта – ФЕМИДА“ од страна на стручни лица.

Воедно во овој период судиите на Основен суд Крушево беа присутни на обуките организирани од страна на Академијата на судии и јавни обвинители кои што беа предвидувани и одржувани во Апелационен суд Битола и овие едукации придонесоа за подобрување како на квантитативното така и кавалитативното работење на судиите.

## 4. Извештај за усогласување на судска пракса

Во Основен суд Крушево поради малиот број на судии, (во моментот работат тројца судии), секојдневно на почеток на работното време, судиите заеднички се присутни во Кабинетот на Претседателот каде се разговара по однос на предметите, тековните проблеми, се разгледуваат ставовите на повисоките судови и нормално се завземаат ставови за усогласување на судската пракса.

## 5. Извештај за односи со јавноста

- По однос на ова прашање, во Основен суд Крушево во тековната 2015 година примени беа 8 писмени барања, со кои се бараа одредени податоци за работењето на судот.

На истите судот одговори позитивно во Законски предвидениот рок.

- Што се однесува до одлуките објавени на WEB страната на судот, истите претходно се анонимизираат, се припремаат во одреден формат и во рок од 2 дена после нивното донесување се објавуваат на страната.

Само во извештајната 2015 година објавени се 170 пресуди – решенија донесени со одлука и тоа од граѓанска, кривична, прекршочна и дел од вонпарничната материја.

- Покрај објавата на анонимизирани пресуди, Основен суд Крушево на неговата WEB страна објавува соопштенија за јавност, месечен распоред на рочишта, документи кои што ги издава судот, годишни и месечни извештаи и други информации од јавен карактер кои треба да се достапни за пошироката јавност.

## 6. Извештај за информатичката технологија

- Моментално во Основен суд Крушево активно во работа се 15 компјутери – работни станици, една серверска конзола на која се инсталирани 4 виртуелни машини и 12 локални ласерски печатари. Поголем дел од работните станици се застарени односно во функција се од 2003 година наваму. Судот располага и со еден видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер.
- Од страна на програмските апликации, во судот секојдневно се користат следните:
    - АКМИС програмата за комплетна евиденција и движење на судски предмети, која во одредени периоди се надградува со нови верзии од страна на фирмата ЕДУСОФТ,
    - АМБС програма за книговодствено, материјално и магацинско работење која се користи во целост,

- ФЕМИДА програмата за тонско снимање на граѓанските рочишта која комплетно е во функција и се користи од месец мај 2013 година.

Исто така постојано се обновува надворешната интернет страна на судот со информации од јавен карактер и објава на анонимизирани одлуки.

Во тек на работа се јавуваат вообичаени проблеми кои засега навремено се корегираат и надминуваат.

## 7. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

- Опременоста на судот е на задоволително ниво.

Тука пред се се мисли на просторните услови каде сите вработени имаат соодветна канцеларија приспособена за својата работа. Канцелариите се опремени со потребните технички помагала (компјутери и печатари) кои се потребни за непречено извршување на работните задачи. Морам да нагласам дека во некои од канцелариите опремата е застарена и се прават напори барем еден дел да се замени со понова која ќе одговара на бараните задачи.

- Зградата на основен суд Крушево е обезбедена со тројца судски полицајци кои работат во две смени. Поради непотполнето едно работно место – судски полицаец, во трета смена судот е обезбеден од редовната полиција.

## 8. Извештај за јавни набавки – извршени и планирани

Јавните набавки за тековната година се спроведуваа согласно годишниот План за јавни набавки на Основниот суд Крушево донесен во месец јануари 2015 година.

- Како централизирана набавка, спроведена преку Судскиот совет на РМ, е набавката за користењето на мобилната и фиксна телефонија како и интернет услугите.
- Набавката на хартијата за печатари и фотокопири со спроведена групна јавна набавка преку Апелационен суд Битола.

- Сопствени сукцесивни набавки, спроведени по **Член 11 од ЗЈН (Сл.весник на РМ бр.24 од 17.02.2012) чиј вкупен износ на набавката не е поголем од 500 евра без ДДВ во денарска противвредност** се следните :

- Набавка на ситен канцелариски материјал (пенкала, фломастери, салотепи, пликови, индига, гуми за бришење, коректори, спајалици, хефталици и др.),
- Набавка на печатарски услуги (доставници, укоричување на сл.весници, папки, налози, обвивки на предмети и сл.),
- Тонери – набавка на нови и репарирање на користени,

- Набавка на нафта – лесно гориво за греење – **Постапка со барање на прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН по Член 100, став 1 од ЗЈН (Сл.весник на РМ бр.24 од 17.02.2012 год.)** чија вредност не е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност,

## 9. Извештај за извршувања на буџет на судот и финансиска анализа

- Како што е и општо познато планираните и одобрените буџетски средства никогаш не се идентични па и покрај сите активности за намалување на трошењето на средствата судот има неисплатени трошоци од околу 460.000,00 ден. и сите се однесуваат за тековната 2015 год. Само мал дел околу 20% се неподмирени трошоци од претходната година.

Согласно Одлуката на Владата на Република Македонија во судот се превзедоа активности за намалување на трошоците за работење по сите основи, односно се планираат месечни трошоци и месечно се набавуваат одредени материјали во онаа количина што може во еден примерен период да се исплати према добавувачите.

Најголем недостаток на парични средства има во ставката за набавување на гориво за затоплување на зградата на судот.

Недостаток на парични средства има во исплатата на користењето на поштенските и телефонските услуги, и трошоците за одржувањето на судската зграда.

Посебно недостасуваат паричните средства за исплата на вештите лица, трошоците за извршените адвокатски услуги и сл. за што до судот се поднесени и барања за присилно извршување.

Сето тоа дополнително ги зголемува веќе стасаните трошоци за исплата.

Судот месечно прави план и анализа по стасаност на обврските или поточно старост на доспевање заради тековно одржување на работата на судот.

**<u>ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА</u>**

Во контекст на погоре наведеното ги доставувам и следните предлог заклучоци:

Во текот на 2016 година да се направат напори за обновување на компјутерската опрема,

Да се изнајде можност и начин за пополнувањето на испразнетите работни места наведени во точка 3.1 во овој извештај,

Да се изнајдат начини и можности за подобрување на финансиската состојба, односно стасаните обврски да се исплаќаат што е можно во пократок рок,

Во иднина предлагам одобрените буџетски средства да соодвестуваат со реалните трошоци предвидени со Предлог Буџетот на судовите за наредните години,

Навремено да се согледуваат причините за застој на роковите по сите предмети и основи како навремено би се превзеле мерки за надминување на истите.

ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
Претседател,
Благоја Бошкоски

# Основен суд Крушево - извештај за период: 1.2015 - 12.2015

| Област | Граѓанска област | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Вонпарнични** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Оставина по приговор | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Разни вонпарнични предмети | 1 | 134 | 0 | 135 | 135 | 0 |
| Физичка делба | 1 | 3 | 0 | 4 | 1 | 3 |
| Оставина | 82 | 72 | 0 | 154 | 76 | 78 |
| ВонПарнични Предмети(ВПП) | 59 | 22 | 0 | 81 | 81 | 0 |
| Заверки | 0 | 127 | 0 | 127 | 127 | 0 |
| Замолници | 1 | 4 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **144** | **364** | **0** | **508** | **427** | **81** |
| **Вид на предмет** | **Извршување** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Приговори против неправилности при извршување | 0 | 10 | 0 | 10 | 10 | 0 |
| Издавање дозволи | 0 | 8 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **18** | **0** | **18** | **18** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Парнични** | | | | | |

| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Повторување на постапката во парнично | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Работни спорови | 10 | 63 | 0 | 73 | 55 | 18 |
| Семејни спорови | 0 | 14 | 0 | 14 | 12 | 2 |
| Платни налози по приговор | 4 | 12 | 0 | 16 | 12 | 4 |
| Имотни спорови | 5 | 23 | 0 | 28 | 26 | 2 |
| Облигациони спорови | 0 | 15 | 0 | 15 | 13 | 2 |
| Парнични-мала вредност | 0 | 30 | 0 | 30 | 29 | 1 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **19** | **158** | **0** | **177** | **148** | **29** |
| **Вкупно - област** | **163** | **540** | **0** | **703** | **593** | **110** |
| **Област** | **Кривична област** | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Дејствија во претходна постапка** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Определени дејствија во претходна постапка-кривично | 0 | 11 | 0 | 11 | 11 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **11** | **0** | **11** | **11** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) во кривично** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Повикани лица на издржување казна затвор(полнолетни) | 5 | 5 | 0 | 10 | 7 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал | 28 | 309 | 0 | 337 | 300 | 37 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал | 28 | 31 | 0 | 59 | 14 | 45 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **61** | **345** | **0** | **406** | **321** | **85** |
| **Вид на предмет** | **Кривично полнолетни** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни кривични предмети | 3 | 214 | 0 | 217 | 217 | 0 |
| Предмети за кривично полнолетни | 5 | 39 | 0 | 44 | 36 | 8 |
| За кривичен совет (во претходна постапка) вон главен претрес | 5 | 28 | 0 | 33 | 31 | 2 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **13** | **281** | **0** | **294** | **284** | **10** |

| **Вид на предмет** | **Оценка на обвинителен акт** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Оценка на обвинителен акт во кривично | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Прекршоци** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Прекршочни предмети | 24 | 283 | 0 | 307 | 292 | 15 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривичен совет за прекршоци | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **24** | **285** | **0** | **309** | **294** | **15** |
| **Вкупно - област** | **98** | **922** | **0** | **1020** | **910** | **110** |
| **Област** | **Судска управа** | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 0 | 187 | 0 | 187 | 183 | 4 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **187** | **0** | **187** | **183** | **4** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **4** | **0** | **4** | **4** | **0** |
| **Вкупно - област** | **0** | **191** | **0** | **191** | **187** | **4** |
| **Вкупно** | **261** | **1653** | **0** | **1914** | **1690** | **224** |
| **Повторно заведени предмети** | **6** | **29** | **0** | **35** | **28** | **7** |
| **В К У П Н О** | **267** | **1682** | **0** | **1949** | **1718** | **231** |